**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

УП1- Бр. 17-5078
26.12.2016

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 5, а во врска со член 30-а став (8) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 72/2015, 123/2015, 129/2015, 213/2015 и 39/2016) и по Предлог на Комисијата за здравствени тврдења формирана од Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство со решение бр. 02-2488/1 од 24.03.2016 година, а согласно со член 20 и 21 од Правилникот за здравствени и нутритивни тврдења (Службен весник на Република Македонија бр.65/13), решавајќи во постапката за издавање на решение за здравствени тврдења, по барањето УП1 број 17-5078 од 25.11.2016 година на „ДПТТУ Луцерн Вип“ ДОО, Агенцијата за храна и ветеринарство донесе:

**РЕШЕНИЕ**

1. На правното лице „ДПТТУ Луцерн Вип“ ДОО Скопје со адреса ул. Качанички пат бр.52 од Скопје, му **СЕ ОДОБРУВААТ** здравствените тврдења:
- **„Магнезиумот придонесува за електролитен баланс”,**
- **„Магнезиумот придонесува за нормален енергетски метаболизам“,**
- **„Магнезиумот придонесува за нормална синтеза на протеини“,**
- **„Магнезиумот придонесува за редуцирање на заморот“,**
- **„Магнезиумот придонесува за нормално функционирање на нервниот систем “,**
- **„Магнезиумот придонесува за нормално функционирање на мускулниот систем“,**
- **„Магнезиумот придонесува за одржување на нормални коски “,**
- **„Магнезиумот придонесува за одржување на нормални заби“,**
- **„Железото придонесува за нормален енергетски метаболизам “,**
- **„Железото придонесува за нормално формирање на црвени крвни зрнца и хемоглобинот“**
- **„ Железото придонесува за нормален транспорт на кислород низ телото“,**
- **„ Железото придонесува за нормално функционирање на имунитетот “,**
- **„ Железото придонесува за редуцирање на заморот “,**
- **„Железото придонесува за нормален развој на когнитивната функција кај децата и возрасните“,**
- **„Калциумот придонесува за нормална коагулација на крвта“,**
- **„ Калциумот придонесува за нормален енергетски метаболизам“,**
- **„ Калциумот придонесува за нормална функција на дигестивните ензими“,**
- **„ Калциумот придонесува за нормална мускулна функција“,**
- **„ Калциумот придонесува за нормална неуротрансмисија“,**
- **„ Калциумот придонесува за нормален раст и развој на коските кај децата “,**
- **„Калциумот придонесува за одржување на нормални коски “,**
- **„ Калциумот придонесува за одржување на нормални заби “.**

2. Здравствените тврдења од точка 1 на ова решение може да се користат во комерцијални цели за означување, презентација и рекламирање на следниот производ: **„Nanozeolit“ во прав, во пакување од 5 g, 10 g, 20 g, 50 g, 150 g, 120 g, 150 g, 200 g, 250 g, 500 g и 1 kg од производителот „ДПТТУ Луцерн Вип“ ДОО Скопје со адреса ул. Качанички пат бр.52 од Скопје.**



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0